ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година.

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- Слабости во спроведувањето на интерните и теренските контроли при потврдувањето на објективноста на фактурираните услуги.
- Слабости во контролите при препишување и издавање лекови.
- Непочитување на роковите при вршењето на контролите и изрекувањето на договорните казни.
- Поради невоспоставени контроли исплатувани се надоместоци за боледување и кога осигурениците остварувале плата.
- Слабости при утврдување и контрола на реализација на условен надоместок на ЈЗУ

**Издадено мислење:**
Изразивме мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година.

**Клучни препораки:**
- Воспоставување систем на планирање, следење и редовно вршење контрола на видот и обемот на извршените здравствени услуги и издадени рецепти.
- Доуредување на постапката и воспоставување контроли при исплатата на надоместоците за боледување.
- Зајакнување на контролите кај условниот надоместок

**Клучни системски слабости:**

За три години, од граѓаните во приватното здравство, само за PCR тестови, се прелеани најмалку 19,9 милиони евра.
Не е ажурирана Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот.
Во 2021 година реализиран е значајно помал обем на услуги од договорениот надоместок, поради што 106 од вкупно 116 ЈЗУ имаат добиено статус на неодржливи.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиено е Известување на Нацрт извештајот при што е констатирано дека претставува известување/објаснување во однос на утврдените состојби.

**Одговор на добиени забелешки:**
Одговорот на забелешките е даден во прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

***** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk